Врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-2572/2 од 27.06.2023 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 20-та седница одржана на 26.06.2023 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Се одобрува зголемување на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година, бр.05-2267/1 од 30.05.2023 година.

Вкупно планираните приходи и расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година, се зголемуваат за 300.000,00 денари, односно изнесуваат 149.830.505,00 денари.

2. Со зголемувањето од точка (1) на оваа Одлука се обезбедуваат финансиски средства во вкупен износ од 300.000,00 денари, наменети за:

- Доделување на финансиска помош – Донација за Советот за етика во медиумите на Македонија, согласно нивното Барање бр.122-0302 од 19.06.2023 година (наш арх.бр.05-2536/1 од 20.06.2023 година), со кое бараат донација од Агенцијата за да им се овозможи непречено функционирање на Извршната канцеларија и Комисијата за жалби.

3. Обезбедувањето на финансиските средства од точка (2) на оваа Одлука се извршува со измена на следните позиции:

- **Вкупните приходи** се зголемуваат за 300.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 149.530.505,00 денари, истите изнесуваат 149.830.505,00 денари;
- Приходната ставка **Планирани приходи од надоместоци за дозволи за вршење на радио и ТВ емитување** се зголемува за 300.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 26.000.000,00 денари, истата изнесува 26.300.000,00 денари;
- **Вкупните расходи** се зголемуваат за 300.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 149.530.505,00 денари, истите изнесуваат 149.830.505,00 денари;
- Групната ставка **450- Помошти, донации и други давања на субјекти** се зголемува за 300.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 1.000.000,00 денари, истата изнесува 1.300.000,00 денари;
- Позицијата **450100 - Помошти, донации и други давања на субјекти,** се зголемува за 300.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 1.000.000,00 денари, истата изнесува 1.300.000,00 денари. Зголемените средства од 300.000,00 денари се наменети за Советот за етика во медиумите на Македонија.

4. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги потребно е да изврши зголемување на Финансискиот план на Агенцијата за 2023 година, со цел да се обезбедат средства наменети за доделување на финансиска помош – донација за Советот за етика во медиумите на Македонија, согласно нивното Барање бр.122-0302 од 19.06.2023 година (наш арх.бр.05-2536/1 од 20.06.2023 година), со кое бараат донација од Агенцијата за да им се овозможи непречено функционирање на Извршната канцеларија и Комисијата за жалби. За да се обезбедат 300.000,00 денари потребно е да се направат измени на следните позиции во усвоениот Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година и тоа: Приходната ставка **Планирани приходи од надоместоци за дозволи за вршење на радио и ТВ емитување** се зголемува за 300.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 26.000.000,00 денари, истата изнесува 26.300.000,00 денари. Групната ставка **450 – Помошти, донации и други давања на субјекти** се зголемува за 300.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 1.000.000,00 денари, истата изнесува 1.300.000,00 денари. Позицијата **450100 – Помошти, донации и други давања на субјекти** се зголемува за 300.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 1.000.000,00 денари, истата изнесува 1.300.000,00 денари.

Имено, со предложеното зголемување на финансискиот план за 2023 година, вкупните планирани приходи и расходи според планот се зголемуваат за 300.000,00 денари и истите изнесуваат 149.830.505,00 денари.

Следствено на сето погоре наведено, а врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-2575/2 од 27.06.2023 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 20-та седница одржана на 26.06.2023 година, донесе одлука како во диспозитивот.

Бр. 05-2635/1

27.06 2023 година

Скопје

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
Претседател на Советот,

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ

Примерок од Одлуката да се достави до:

- Директорот;
- Секторот за финансии и логистика;
- Секторот за правни работи и јавни набавки и
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи-Архива.